ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **02.11.2020 година** во 09:00 часот во салата на Советот на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на испекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска,** Раководител на одделение за општи и правни работи **Јаготка Николовска,** Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски,** Директорот на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната со осврт на работните групи кои се одржаа во врска со донесување на процедурите за работење на Општина Крива Паланка. Процедурите во рамки на сите одделенија да бидат донесени до 15.12.2020 година, а нивната функционалност да биде тестирана до 03.2021, по што ќе следи и стандардизација на истите.

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој на општината Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Уште денес да се направи соопштение и да се објави на општинската веб страна за давање предлози и сугестии по однос на програмите од делокрукот на работење на Општина Крива Паланка. Сите предлози граѓаните доколку ги има да се доставаат до 08.11.2020 година на општинскиот маил *opkp@krivapalanka.gov.mk*

-Да се интензивира околу барањето за партнер со Р.Косово за аплицирање.

-Во текот на месец ноември да се организира промоција на Сратегијата за туризам и да се затври проектот.

-Да се одржи состанок заедно со ЛУ Градски Музеј за да се прецизира апликација преку Европската комисија

-Да се напарви реверс на голф опремата и да се предаде на ЈО Комуналец на управување

-Да се предвиди во Програмата за информатичка технологија за наредната година набавка за одржување на софтверот за работното време.

-Да се изнајде решение околу застојот со АХВ за опремата за градски пазар набавена преку АФПЗРР.

-Да се следи експропријацијата на парцелите на Цонев Рид за изградба на крак од канализациона мрежа.

-Да се одговори на барањето од МОН за средно образование.

-Јасмина Ангеловска да спреми Правилник по однос на основање на Фонд за ученици од социјално загрозени семејства.

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната за подготовката на ребалансот и кварталниот извештај за тековнатаи буџетот за следната година.

Да се спреми одлука за донирање на средства од Осмооктовриска награда од Анета Стефановска на ОУ „Илинден".

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-На улица Баглачка веднаш да се даде налог за продолжеток на досега изградените потпорни зидови, доколку е санира состојбата.

-Да се распише јавна набавка за новогодишно украсување.

-На „Параметар" да се даде налог за изработка на идеен проект за локација „Мост".

-Да се разгледа начинот на распишување на јавна набавка за проектирање на хидротехнички објекти и патишта имајќи ги во предвид измените во Законот.

-Да се даде налог да се санираат ударните дупки кај „Пакет Маркет“, „Старо пазариште“ и на ул. „Наско Тамбурков“.

-Лицето задолжено за следење на изградба на плоштадот да ја следи максимално како не би се појавиле проблеми и да имаме комуникација на дневна основа.

-Во наредната година да се предвиди јавна набава за местење на нови и користени бекатон плочки.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- При изготвување на заклучоци при застој на постапката за легализација да се дава известување до стрнките за докомлетирање на недостатоците со рок од 15-60 дена во зависност од процената на службеното лице и реално потребното време.
- Да се интезивиара со работа околу одобрението за патен паравец 2 Дурачка Река.
- Да се интезивира со барањата за легализација и Марјан да се вклучи поактивно со останатите кои работат на оваа проблематика.
- Да се достави допис до МВР за отстаранување на возилата по новоизградениот тротоар како и на сите места каде има проблем со проодност на пешаците, Шанин Мост, Заобиколница, локација Карпош.

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се пушти Ургенција до Дирекцијата на УЈП во Штип и Дирекцијата на УЈП во Скопје во врска со Тораничка зграда.

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Раководителот за правни и општи работи Јаготка Николовска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Да се предвиди јавна набавка на дезинфекциони средства за наредната година.

**Одделение за инспекциски надзор**

Од страна на Раководителот на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

**ЈП Комуналец**

Од страна на Директорот Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот Дараган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

Да се следат повиците за енергетска ефикасност за алицирање околу реновирање на фасадата на ЛУ Градски Музеј.

Да се поднесат апликации по однос на повикот за проекти од културата и да се изнајде апликант за манифестацијата Есенски вибрации.

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Да се доставaт сите процедури за работа од оделенијата до секретарот најдоцна до 15.12.2020 година

-Да се започне со евиденција на пропусниците за службени и приватни потреби во рамки на секое одделение со потпис на излегување и враќање и да се достави месечен извештај до Секретарот и Одделение за финансиски прашања, а во согласност со Упатството за работно време во Општина Крива Паланка.

-Да се состане Комисијата за градежно земјиште во текот на недела и да се заземат ставови за Програмата за градежно земјиште како и да се побарат мислења од соодветни институции за проблемите со кои се соочуваат.

-За следниот колегиум да се размисли и заземе став околу регулирањето на работното време на општинската администрација во услови на пандемија.

**02.11.2020 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Биљана Тасевска**